**Известување за концентрација со која Јунајтед Медиа С.а.р.л. Луксембург стекнува единствена контрола над друштвата АСКАНИУС МЕДИА д.о.о., Босна и Херцеговина и Асканиус Медиа, промоција и маркетинг, д.о.о., Словенија (предмет бр. 08-34/2022)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 31.01.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која друштвото Јунајтед Медиа С.а.р.л (*United Media S.à.r.l*), со седиште на адреса Пјер Фриден 43, 1543 Луксембург, ќе стекне единствена контрола над друштвата АСКАНИУС МЕДИА д.о.о. (*ASCANIUS MEDIA d.o.o.*), со седиште на адреса ул. Мједница бр.54, 71000 Сараево, Босна и Херцеговина и Асканиус Медиа, промоција и маркетинг, д.о.о., (*Ascanius Media, promocija in trženje, d.o.o*), со седиште на адреса Дунајска цеста 5, 1000 Љубљана, Словенија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Јунајтед Медиа С.а.р.л** е друштво чија основна дејност е емитување на ТВ канали. Деловните активности вклучуваат советување, управување и набавка на програмски содржини, односно производство и емитување на канали, кои потоа се дистрибуираат преку телекомуникациските оператори до крајните корисници.

Јунајтед Медиа С.а.р.л е дел од Групацијата на компании Јунајтед, која работи како дел од портфолиото на фондови советувани од БЦ Партнерс ЛЛП (*BC Partners LLP*), меѓународен инвестициски фонд со седиште во Лондон.

БЦ Партнерс се присутни во Република Северна Македонија преку (индиректни) зависни друштва:

- Тотал ТВ д.о.о. Скопје, со седиште на адреса Булевар ВМРО 3, Центар, Скопје, кое е активно во дистрибуција на медиумски содржини;
- Директ Медиа д.о.о.е.л., со седиште на адреса Орце Николов 68/3, Центар, Скопје, кое се занимава со маркетинг активности.

**АСКАНИУС МЕДИА д.о.о. и Асканиус Медиа, промоција и маркетинг, д.о.о.** се медиумски агенции кои обезбедуваат интегрирана комуникациска услуга, вклучувајќи консалтинг, рекламирање, медиумско планирање, истражување, собирање и толкување на информации за клиентите, креативни услуги итн. Основната дејност се состои од маркетинг активности, односно активности поврзани со рекламирање во медиумите. Целните друштва припаѓаат на групацијата на друштва Асканиус Медиа кои работат во Словенија и Босна и Херцеговина.

Ниту едно од наведените друштва нема поврзани друштва во Република Северна Македонија.

Што се однесува до **географскиот опсег на пазарот** за предметната концентрација. Подносителот предлага релевантниот географски пазар да биде дефиниран како територијата на Република Северна Македонија.

По однос на **релевантниот пазар на стоки** за предметната концентрација. Подносителот предлага дека истиот би можел да се дефинира како пазар на маркетинг комуникациски услуги и пазар за купување медиумски простор.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување**.**

11.02.2022 година, Скопје